**Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко- комуникациската технологија за 2025 година**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 14 став( 1) точка 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2024 година, донесе:

# Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко- комуникациската технологија за 2025 година

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата за развој на ИКТ е креирана во согласност со националните ИКТ стратегии, Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка 2015-2020 и Родово одговорна стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022-2027 и претставува продолжување на политиката на Општината во делот на ИКТ од претходните години, односно надградба и усовршување на досегашните постигнувања во насока на ефикасна, лесно достапна и транспарентна општина со висок квалитет на услуги за граѓаните, граѓанките и бизнисите.

Целта на програмата е да се овозможи ефикасно и транспарентно работењето на администрацијата, да се подобри квалитетот и достапноста на услугите, а вооедно да се намалат трошоците со оптимално користење на информатичките и комуникациските технологии.

## II. Проектни активности

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка 2015-2020.

### 1. Географски информативен систем (ГИС)

Општина Крива Паланка согласно стратешката определба имплементира решение за Географски информациски систем (ГИС), кој е матица на сите информации што ги поседува општината, кои во себе содржат географска компонента. Тековно е планирано апликацијата да се унапреди со дополнителни модули согласно потребите на Општината и граѓанитеи граѓанките, како и согласно потребите на ЈП Комуналец, ТППЕ Крива Паланка, ЛУ Градски музеј и останатите локални субјекти во насока на дигитализација, достапност, анализа и соодветно планирање.

## 2. Подобрување на информатичко –комуникациската инфраструктура

Општина Крива Паланка ги следи сите новини и измени во делот на примената на ИКТ во работењето на општинската администрација. Во наредниот период се планира набавка на нов хардвер согласно потребите на Општината и замена на постојниот кој е стар и дотраен. Согласно потребите ќе се изврши надоградба и набавка на нови апликативни решенија за непречено одвивање на административните процеси во Општината и испорака на квалитетни услуги за граѓаните.

## 3. Одржување на апликации и хостирање

Општина Крива Паланка во работењето користи апликации од трети лица како и услуги за хостирање за чии непречено функционирање е предвидено тековно одржување во 2025 година.

## 4. Тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура

Општина Крива Паланка располага со сервери, десктоп компјутери, преносни компјутери, мултифункциски уреди, принтери и мрежна инфраструктура за кои е предвидено тековно одржување за овозможување на непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ.

**АКЦИСКИ ПЛАН**

| 1 | Географски информативен систем (ГИС) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| **1.1 Изнајмување на ГИС инфраструктура и интегрирање во работните процеси** | Континуирано 2025 | -Дигитализација во работата и услугите<br>- Дигитални податоци разделени по пол секаде каде е возможно | Одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија | 1.500.000 |
| **2** | **Подобрување на информатичко-комуникациската инфраструктура** | | | |
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| **2.1 Набавка/изнајмување на хардвер, софтвер и лиценци** | Континуирано 2025 | -Модернизирање на хардверската и софтверската инфраструктура<br>-Испорака на квалитетни услуги за граѓаните и граѓанките | Одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија | 1.000.000 |
| **3** | **Одржување на апликации и хостирање** | | | |
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| **3.1 Одржување на апликации од трети лица, хостирање, домен (marnet / edusoft / aspect / mbs…)** | Континуирано 2025 | -Непречено одвивање на административните процеси во Општината | Одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија | 750.000 |
| **4** | **Тековно одржување и надградба на хардвер и софтвер и мрежна инфраструктура** | | | |
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| **4.1 Тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура** | Континуирано 2025 | -Непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ | Одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија | 1.400.000 |
| | | | **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **4.650.000** |

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр.09-6043/5**
**06.12.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**